Јавно претпријатие за комунални работи
КОМУНАЛЕЦ
Бр. 02-1029/24
27-07 2025 год.
КАВАДАРЦИ

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за администативни службеници (Службен весник на Република Северна Македонија бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 142/2016 и 11/2018) и членот 34 точка 8 од Статутот на ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци , Директорот ја донесе следната :

**О Д Л У К А**

**За избор на кандидати по јавен оглас бр. 433/2025 за вработување на административни службеници**

**1.** За извршител на работно место,, **Советник за застапување,,** одделение за правни работи Сектор за општи,правни работи и човечки ресурси, шифра на работно место **КДР 01 02 В01 035** , во ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци се избира кандидатот со идентификациски код -6С19545, Александра Чекоров.

**2.** За извршител на работно место **,, Раководител на одделение за сметководство,,** во одделение за сметководство, Сектор за финансиско и комерцијално работење во ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци, со шифра на работно мест **КДР 01 02 Б04 037** , се избира кандидатот со идентификациски код - А0ВСС39, Билјана Витанова Гечевска.

Именуваните кандидати ќе бидат вработени на работното место од точка 1 и 2 по конечноста на оваа Одлука за што ќе биде донесено посебно Решение односно склучен Договор.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 06.06.2025 год., во дневните весници Службен печат, Вечер и Коха , и на интернет страницата на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија објавен е оглас со бр.433/2025 год.,. за вработување на административни службеници во ЈП ,,Комуналец,, Кавадарци , по кој Оглас Директорот на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија донесе Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен Оглас со арх. број 10-932/7 од 24.06.2025 година, вака формиранта комисија на ден 27.06.2025 год., спроведе административна селекција за административни службеници и донесе Записник од извршена административна селекција за административни службеници со архивски број 10-932/8 од 27.06.2025 година .

На ден 17.07.2025 год., се спроведе испит за административен службеник и се донесе Записник од спроведениот испит за административен службеник со архивски број 10-932/9.

На ден 21.07.2025 год., спроведена е проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и се донесе Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со арахивски број 10 – 932/11.

Од доставениот Предлог за вработување на кандидатите по јавен оглас број 433/2025 год., со архивски број 10- 932/12 од 21.07.2025 год., и Конечната ранг листа , Директорот на ЈП Комуналец Кавадарци, изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА :** Против Одлуката незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 (осум) дена да поднесе Жалба до Агенцијата за администрација од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија.

ЈП,, Комуналец, Кавадарци
**Директор**
_______________
Гоце Ангеловски

Јавно претпријатие за комунални работи КОМУНАЛЕЦ Кавадарци 1

Доставено до:
- Архива
- Агенција за администрација
- Сектор за општи и правни работи
- Кандидатот